ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1

Бр. 02-1597/3

28-02-2022

# М И С Л Е Њ Е

## НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ПО ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје го опфаќа работењето на Банката во периодот од 1.1.2021 до 31.12.2021 година.

Во Извештајот на систематизиран начин се прикажани остварувањата на одделни банкарски активности, како во поглед на основните финансиски активности така и за сите активности за коишто се известува во согласност со Законот за трговските друштва, Законот за банките и Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка.

Годишниот извештај вклучува податоци за макроекономските и монетарните услови во кои Банката ја остваруваше својата активност, од една страна, и преземените активности прикажани по сегменти, од друга страна, а со цел прилагодување на стратегиските и финансиските цели на Банката на макроекономското окружување и остварување позитивни финансиски показатели.

Во Извештајот интегрално се прикажани остварувањата на Банката, финансиските перформанси, оствареното пазарно учество, информациите за преземените активности од делот на корпоративното банкарство, деловната мрежа, развојот на информатичката технологија, преземените маркетиншки активности и развојот на производи. Прикажан е и системот на управувањето со ризици, активностите на внатрешната ревизија и останатите деловни активности на Банката коишто придонесуваат за стабилно работење и за кои се известува во согласност со законската регулатива. Во извештајот интегрално се презентирани корпоративното управување на Банката, работењето и активностите на органите и нивните членови, остварувањето во поглед на спречувањето перење на пари, сигурноста на информативниот систем и заштита на лични податоци.

Ефектите од работењето на Банката во текот на 2021 година се евидентни во Годишниот извештај во кој детално се прикажани деловните активности во насока на подобрување на финансиските перформанси, квалитетното управување со Банката и почитувањето и усогласеноста на Банката со целокупната законска регулатива.

Според наше мислење, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2021 година, состојбата на нејзините средства и финансиската успешност.

Скопје, 28.2.2022 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**
**М-р Глигорие Гоговски**

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ